КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 24.12.
Орг. единица: 03 Број: 1413

**Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија**

**Македонска академија на науките и уметностите (МАНУ)**

арх.бр.09-3780/1
датум 21.12-2018

Со цел развој и соработка во делот на архитектурата и инженерството, а во согласност со заедничките интереси и меѓусебната соработка на двете институции, Македонска академија за науките и уметностите (во натамошниот текст: МАНУ), и Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија (во натамошниот текст: Комора), во Скопје го потпишуваат следниот:

## МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Потписниците на овој меморандум се обврзуваат дека во рамките на својата примарна дејност, заеднички ќе делуваат и меѓусебно соработуваат во интерес на реализација на цели од заеднички интерес, на следните начини:

- Реализација на едукативни настани (специјализирани обуки, работилници и слично) на теми поврзани со архитектурата и инженерството, како и останати теми од интерес на одделението за технички науки при МАНУ и професионалните одделенија во Комората

- Размена на искуства и најдобри практики преку гостувања на претставници од Комората и МАНУ во активности или во настани кои ќе третираат теми од областа на инженерството и архитектурата во Република Македонија

- Континуирана соработка и координација меѓу стручните лица од Комората и МАНУ во процесот на изготвување на предлог документи или мерки за развој на научната мисла во сферата на инженерството и архитектурата.

- Учество во заеднички проекти во областа на високото образование, истражувачки проекти, со цел заштита на интересите на овластените архитекти и овластените инженери, односно членовите и соработниците на одделението за технички науки при МАНУ.

- Други активности неспомнати погоре за кои двете потписнички страни ќе искажат интерес за соработка.

Заедничките активности и проекти ќе се реализираат на иницијатива и покана на една од страните потписнички на меморандумот.

Овој меморандум не ги ограничува или строго утврдува начинот и видовите на соработка, туку ја насочува сферата на заеднички интерес која е во согласност со нивната мисија и визија.

| | |
|---|---|
| **потпис и м.п.** | **потпис и м.п.** |
| **Проф. д-р Миле Димитровски** | **Проф. д-р Таки Фити** |
| **Претседател** | **Претседател** |
| Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија | Македонска академија на науките и уметностите |

**Скопје, __.__.2018 година**